**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

---

До:

- **д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 76-в став 1 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија" бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16 и 142/16) се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: | 06.12.2016 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 6242 | 1 | |

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН НАДЗОР (МОНИТОРИНГ)**

1. **Вид надзор**: Надзор над изборното медиумско претставување;

2. **Субјект на надзорот**: Трговско радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА МАКПЕТРОЛ ДООЕЛ Скопје;

3. **Период опфатен со надзорот**: од 21 до 30 ноември 2016 година;

4. **Датум на извршување на надзорот**: 6 декември 2016 година;

5. **Предмет на надзорот**:

- **Член 75 став 1 и став 2 од Изборниот законик**
„(1) *Радиодифузерите, односно Јавниот радиодифузен сервис, трговските радиодифузни друштва и електронските медиуми (интернет порталите) што одлучиле да ги покриваат изборите, се должни тоа да го прават на правичен, на избалансиран и на непристрасен начин во својата вкупна програма.*
*(2) Радиодифузерите, без оглед на јазикот на кој го емитуваат својот програмски сервис, се должни за време на изборната кампања на учесниците во кампањата да им овозможат подеднакви услови за пристап до сите облици на изборно медиумско претставување - вести, посебни информативни програми (интервјуа, дебати, ТВ/радио соочувања, актуелно - информативни програми, актуелно - информативни програми со документаристички пристап и тематски специјализирани информативни програми), бесплатно политичко претставување и платено политичко рекламирање.*"
- **Член 75-а став 1 точка б и став 2 од Изборниот законик**
„(1) *Радиодифузерите ќе обезбедат избалансирано покривање на изборите во сите облици на изборно медиумско претставување на следниов начин:*
*б) за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија, во согласност со принципот на пропорционалност според бројот на потврдени листи на кандидати за пратеници;*
*(2) При утврдувањето на избалансираноста во покривањето на изборите ќе се има предвид интензитетот на активностите во рамките на кампањите на учесниците во изборна кампања.*"
- **Член 75-б од Изборниот законик**
„*Известувањето за редовните активности на државните органи, органите на општините и на градот Скопје, на државните институции и организации, како и за активностите на правни и на други лица на кои со закон им е доверено вршење јавни овластувања, во програмите на радиодифузерите и на Програмскиот сервис наменет за емитување на активностите на Собранието на Република Македонија, во периодот од денот на распишување на изборите до*

*нивното завршување не смее да биде во функција на изборно медиумско претставување на ниту еден политички субјект."*

6. **Констатации од надзорот:**

**Член 75 ставови 1 и 2; член 75-а став 1 точка б и став 2 од Изборниот законик**

***Дневно-информативни емисии***

Овој, деветти по ред извештај, се однесува на периодот од 21 до 30 ноември, односно на првиот десетдневен период во кој се анализира изборното медиумско известување во дневно-информативните емисии во текот на изборната кампања. Примерокот, согласно Методологијата, е проширен на две дневно-информативни емисии од ударното време и опфаќа по десет изданија на Вестите во 18 часот и 30 минути и во 21 часот и 30 минути. Вкупната должина на анализираните прилози изнесува 4 часа 49 минути и 42 секунди.

***Табела 1 - Застапеност на субјектите во претежно информативните жанрови***

| ТВ Телма | Траење | Процент | |
|---|---|---|---|
| Активности на органите на власт | | | |
| Министри/заменици од СДСМ | 00:11:58 | 26,75 | % |
| Влада на РМ | 00:10:09 | 22,69 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија | 00:05:56 | 13,26 | % |
| Локална самоуправа | 00:07:03 | 15,76 | % |
| Граѓански сектор | 00:00:53 | 1,97 | % |
| Без субјекти | 00:00:53 | 1,97 | % |
| Локална самоуправа (опозиција) | 00:02:19 | 5,18 | % |
| Коалиција СДСМ и др. | 00:01:52 | 4,17 | % |
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 00:01:52 | 4,17 | % |
| Претседател на РМ | 00:01:49 | 4,06 | % |
| **Вкупно за тема:** | **00:44:44** | **100** | % |
| Други теми поврзани со избори | | | |
| Граѓански сектор | 00:22:55 | 23,78 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:12:03 | 12,50 | % |
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 00:09:04 | 9,41 | % |
| Други субјекти | 00:14:06 | 14,63 | % |
| ДИК и други органи | 00:03:44 | 3,87 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:11:30 | 11,93 | % |
| Влада на РМ | 00:01:46 | 1,83 | % |
| Коалиција СДСМ и др. | 00:08:32 | 8,85 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:01:52 | 1,94 | % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:03:02 | 3,15 | % |
| Левица | 00:01:54 | 1,97 | % |
| Коалиција за промени и правда | 00:01:54 | 1,97 | % |
| Коалиција ВМРО за Македонија | 00:01:10 | 1,21 | % |
| Либерална партија | 00:01:02 | 1,07 | % |
| Јавно обвинителство | 00:01:49 | 1,88 | % |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Вкупно за тема: 01:36:23 | 100 | % |
| Активности на учесници во изборна кампања и кандидати | | | |
| Коалиција СДСМ и др. | 00:24:41 | 18,11 | % |
| Коалиција ВМРО за Македонија | 00:12:17 | 9,01 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:11:24 | 8,36 | % |
| Коалиција за промени и правда | 00:19:10 | 14,06 | % |
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 00:36:53 | 27,06 | % |
| Либерална партија | 00:03:04 | 2,25 | % |
| Левица | 00:09:05 | 6,67 | % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:10:09 | 7,45 | % |
| ПДП - Партија за демократски просперитет | 00:00:54 | 0,66 | % |
| Беса | 00:02:55 | 2,14 | % |
| Коалиција УНИТЕТИ, ДПА-ДР и НДП - Весел Мемеди | 00:05:45 | 4,22 | % |
| | Вкупно за тема: 02:16:17 | 100 | % |
| | Вкупно: 04:49:42 | | |

Со почетокот на изборната кампања, во сила влегува принципот за утврдување на балансот во известувањето за активностите на учесниците во изборната кампања – според бројот на потврдени листи со кандидати за пратеници, и имајќи го предвид интензитетот на кампањата. Во двете анализирани изданија на вестите, телевизијата информира за сите учесници во изборниот процес, а за известување од активностите во кампањите на коалициите и партиите се издвоени 2 часа 16 минути и 17 секунди (Табела 1). Времето посветено на известување за четирите политички субјекти кои имаат по седум листи со потврдени кандидати е распределено на следниов начин: најмногу време е издвоено за информирање за митинзите и средбите на претставниците на Коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ - 36 минути и 53 секунди (27,06%); следува Коалицијата предводена од СДСМ со 24 минути и 41 секунда (18,11%); за Коалицијата ВМРО за Македонија се одвоени 12 минути и 17 секунди (9,01%) и за ДУИ има 11 минути и 24 секунди (8,36%). Известувано е и за активностите на учесникот во изборната кампања со 6 потврдени листи со кандидати – Коалицијата за промени и правда со 19 минути и 10 секунди (14,06%) и за трите учесника во изборната кампања со по пет потврдени листи со кандидати – за ДПА се одвоени 10 минути и 9 секунди (7,45%), за Левица, 9 минути и 5 секунди (6,67) и за Либерална партија, 3 минути и 4 секунди (2,25%). За учесниците во изборната кампања со по четири потврдени листи со кандидати – се одвоени: за Алијансата на Албанците (Коалиција Унитети, ДПА-ДР и НДП - Весел Мемеди) 5 минути и 45 секунди (4,22%) и за Беса - 2 минути и 55 секунди (2,14%). Партијата која учествува во една изборна единица ПДП, е застапена со 54 секунди, односно (0,66%).

За активностите на власта е информирано во прилози со траење од 44 минути и 44 секунди (Табела 1) каде што беа опфатени следниве теми: Преписката помеѓу министерката за труд и социјална политика Фросина Ременски и дополнителниот заменик министер Диме Спасов, околу најавата за зголемување на пензиите; Соопштението и препораката од локалната самоуправа на град Скопје во врска со загадувањето на воздухот; Изјавата на Фросина Ременски во врска со починатите лица во Тетово кои користеле право на туѓа нега од центарот за социјална помош; Реакцијата на министерот за животна средина и просторно планирање Башким Амети по повод протестот на Синдикатот на Југохром; Спротивставените ставови на министерот и дополнителниот заменик министер за финансии околу (не)законските аукции; Несогласувањата на Министерството за труд и социјална политика и СОНК во врска со работното време во градинките; Соопштение на министерот за внатрешни работи Оливер Спасовски дека МВР ќе започне истрага за случаите за поткуп на гласачи; Реакции од македонски шуми по обвинувањата од страна на Општина Центар за бројот на добиени садници за Денот на дрвото; Усвојувањето на буџетот на град Скопје за 2017 година; Генералските смени во АРМ и др.

Прилозите за други теми поврзани со избори траат 1 час 36 минути и 23 секунди (Табела 1). Во оваа тема се категоризирани прилозите кои говорат за активностите на граѓанскиот сектор; други субјекти; амбасадори/меѓународни организации/странски политичари; експерти/аналитичари, учесници во изборниот процес и др. Категоријата „граѓански сектор" е застапена со 22 минути и 55 секунди, а во нејзе се опфатени соопштенијата или директните обраќања на: Трајче Панов, ИМПАКТ; Џабир Дерала, Цивил; Дарко Алексов, Мост; Зоран Нечев, Институт за демократија „Социетас Цивилис"; Миша Поповиќ, Башким Бакиу и Гонце Јаковлевска, МЦМС и др. Во категоријата *„други субјекти"* се кодирани изјавите и активностите на: Неби Хоџа и Фатмир Битиќи, Комора на Северозападна Македонија; Флориан Бибер, професор; Никола Димитров, Хашки институт за глобална правда; Атанас Кировски, Телма; Васко Ристовски, Стопанска комора; Александар Маленко и Димитар Голабовски, пливачи и др. Оваа категорија е застапена со 14 минути и 6 секунди. Амбасадорите и странските политичари се застапени со 12 минути и 3 секунди преку: Самуел Жбогар; Џес Бејли; Кристине Алтхаузер; Иво Вајгл; Едуард Кукан; Кнут Флекенштајн; ОБСЕ/ОДИХР и др. Во рамки на вестите во овој извештаен период се емитуваат повеќе изјави од *„експерти/аналитичари"* во кои спаѓаат: Никола Србов; Љубомир Фрчковски; Татјана Лопарски, Елемент ПР; Исмет Рамадани, Владимир Божиновски и Петар Арсовски, аналитичари; Јован Аждерски, професор и др. Времетраењето на оваа категорија е 11 минути и 30 секунди. Време од 3 минути и 44 секунди, е одвоено за ДИК преку прилогот за тоа дека избирачкиот список е заклучен. Јавното обвинителство е застапено со 1 минута и 49 секунди, преку прилогот во кој информираат дека е оформена привремена комисија за следење на изборни нерегуларности. Владата е присутна преку соопштението од министерката од МИОА Марта Томовска Арсовска за јавниот сектор за време на изборните процеси. Коалицијата ВМРО ДПМНЕ и др. е застапена со 9 минути и 4 секунди, преку: прилогот за економските програми на партиите; за актуелната тема во овој извештаен период – Федерализација: реална или измислена дилема; влијанието на изборните слогани врз кампањата; реакцијата на незадоволните пливачи во врска со презентираната програма на лидерот на ВМРО ДПМНЕ Никола Груевски во Охрид. Коалицијата СДСМ и др. е застапена со 8 минути и 32 секунди преку: прилогот за економските програми на партиите; прилозите посветени на притисоци врз граѓаните за гласање; влијанието на изборните слогани врз кампањата; остварената средба на Зоран Заев со комората на Северозападна Македонија. ДПА е застапена со 3 минути и 2 секунди, преку: прилогот за економските програми на партиите; за влијанието на изборните слогани врз кампањата; средбата на лидерот на ДПА Мендух Тачи со меѓународните посредници Вајгл, Кукан и Флекенштајн за фер и демократски избори. Коалицијата за промени и правда и Левица се застапени со исто времетраење од 1 минута и 54 секунди, во прилозите каде се промовираат економските програми на партиите и се говори за влијанието на изборните слогани врз кампањата. ДУИ е застапена со 1 минута и 52 секунди, преку прилогот посветен на влијанието на изборните слогани врз кампањата и за средбата на лидерот на ДУИ Али Ахмети со меѓународните посредници Вајгл, Кукан и Флекенштајн за фер и демократски избори. Коалицијата ВМРО за Македонија е застапена со 1 минута и 10 секунди, преку прилогот за економските програми на партиите. Либералната партија е застапена со 1 минута и 2 секунди, преку прилозите посветени на притисоци врз граѓаните за гласање.

Во сите прилози со информативни жанрови, најмногу време за директни обраќања има за претставниците на Коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ –25 минути и 51 секунда (19,59%), Коалицијата предводена од СДСМ – 19 минути и 30 секунди (14,77%) и Коалицијата за промени и правда - 11 минути и 23 секунди (8,62%). За групата експерти/аналитичари се одвоени 11 минути и 30 секунди (8,71%). Нема други субјекти со застапеност поголема од 10 минути (Табела 2).

***<u>Табела 2 - Директни обраќања на субјектите</u>***

| ТВ Телма | Траење | Процент | |
|---|---|---|---|
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 00:25:51 | 19,59 | % |
| Левица | 00:04:56 | 3,74 | % |
| Граѓански сектор | 00:07:10 | 5,43 | % |

| | | |
|---|---|---|
| Коалиција СДСМ и др. | 00:19:30 | 14,77 % |
| Министри/заменици од СДСМ | 00:03:24 | 2,58 % |
| Коалиција за промени и правда | 00:11:23 | 8,62 % |
| Либерална партија | 00:01:56 | 1,46 % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:05:42 | 4,32 % |
| ПДП - Партија за демократски просперитет | 00:00:39 | 0,49 % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија | 00:02:16 | 1,72 % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:04:04 | 3,08 % |
| Коалиција ВМРО за Македонија | 00:08:30 | 6,44 % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:06:11 | 4,68 % |
| Влада на РМ | 00:01:38 | 1,24 % |
| Експерти/аналитичари | 00:11:30 | 8,71 % |
| Беса | 00:02:06 | 1,59 % |
| Други субјекти | 00:08:31 | 6,45 % |
| Коалиција УНИТЕТИ, ДПА-ДР и НДП - Весел Мемеди | 00:03:36 | 2,73 % |
| ДИК и други органи | 00:00:56 | 0,71 % |
| Локална самоуправа | 00:02:10 | 1,64 % |
| | **Вкупно: 02:11:59** | **100 %** |

Авторските коментари, осврти и други прилози во кои се изнесуваат ставови зафаќаат 12 минути и 12 секунди од времето во вестите во 18:30 и во 21:30 часот.

На 23 ноември 2016 година, во двете анализирани изданија на вестите се емитува освртот „Анализа": Изборни ветувања за повисоки плати и пензии. Медиумот прави анализа во која се вклучени Зоран Ивановски, факултет за туризам и Благица Петрески, Фајненс Тинк во врска со предизборните програми и ветувањата, како и нивната остварливост.

На 28 ноември 2016 година, во двете анализирани изданија на вестите се емитуваше „Авторски коментар", по повод реакциите на јавноста за учеството на Себастијан Курц, министер за надворешни работи на Австрија, на централниот митинг на ВМРО ДПМНЕ и Коалицијата во Скопје. Гледиште за темава се емитуваше и од Нано Ружин, аналитичар и експерт.

***Посебни информативни емисии***

*Други информативни програми*

### ТОП ТЕМА

ТОП ТЕМА се емитуваше со нов формат и изменето име. Во емисијата има извештаи, репортерски јавувања и дебата во студиото. На 21 ноември 2016 година, со почеток во 19 часот и 20 минути, се емитуваше премиерно издание на емисијата „ТОП ТЕМА на ваша страна", како нов проект на ТВ Телма поддржан од УСАИД, а во партнерство со Македонскиот центар за меѓународна соработка. Водител беше Боби Христов. Темата беше: „Пет коалиции и шест политички партии, или вкупно единаесет ја почнаа трката за влез во деветтиот парламентарен состав на Република Македонија, трет што ќе се бира на вонредни парламентарни избори"; „Што може да се очекува од изборната кампања која што почна денеска?" На овие теми се разговараше со гостите: Александар Кржаловски, директор на МЦМС; Артан Садику, политички аналитичар и Петар Арсовски, политички аналитичар. Имаше репортерски јавувања од Охрид каде беше

направено интервју со кандидатот за пратеник од редовите на ВМРО ДПМНЕ и Коалицијата Илија Димовски и репортерско јавување од Прилеп со интервју со Радмила Шекеринска, СДСМ. Се емитуваа дел од настапите на митинг на ДУИ и Али Ахмети; Павле Трајанов, Коалиција за промени и правда; Здравко Савевски, Левица; Ивон Величковски, ЛП; Абдулади Вејсели, ПДП. Репризното издание беше на преодот помеѓу 21 и 22 ноември 2016 година.

На 23 ноември 2016 година, со почеток во 19 часот и 20 минути, се емитуваше премиерно издание на емисијата „ТОП ТЕМА на ваша страна" со водителката Снежана Лупевска Созен. Темите за дебатирање беа: „Кампањата почна, митинзи, спотови, фејсбук статуси, гласачите се бомбардирани од сите страни, плакатите и билбордите сега не се во мода како порано"; „Како политичките партии ги користат социјалните мрежи за да им се приближат на гласачите, дали и колку партиите имаат тимови кои работат на кампањите на социјалните мрежи"; „Топ тема на ваша страна истражуваше како под саат кулата во Велес се кроеше политичката позиција на Доналд Трамп", кој од Велес испорачуваше лажни кампањи, кој кај нас креира лажни сајтови за да го нападне политичкиот ривал." Гости беа: Бојан Кордалов, специјалист за нови медиуми; Дарко Булдиоски, интернет и маркетинг експерт и Игор Трајковски, основач и сопственик на „Тиме.мк". Репризното издание беше на преодот помеѓу 23 и 24 ноември 2016 година.

На 24 ноември 2016 година, со почеток во 19 часот и 29 минути, се емитуваше премиерното издание на дебатната емисија „ТОП ТЕМА" со водителот Александар Чомовски. На најавната шпица од оваа емисија, преку форшпанот, темите беа претставени преку следниве прашања: „Еден лидер про и контра сите партии во изборната трка, Топ модел на ТВ соочување, стартуваме со Љубчо Георгиевски наспроти ВМРО ДПМНЕ, СДСМ, ДУИ, Коалиција за промени и правда, Беса"; „Прислушување, демократија, правда"; „Федерализација или национализам"; „Плати и пензии, изборен трик или реални потенцијали, кој и како ќе ги враќа долговите"; „Дали по 11 декември следува нова криза или крај на досегашната". Водителот Чомовски потенцираше дека со вечерашната емисија ТОП ТЕМА започнуваат со моделот на телевизиско соочување и претставување. На сите партии им бил претставен концептот, кој се базира на "воведничарење на еден од основните носители на дебатата, а тоа е лидерот на една од партиите од оние партии кои имаат изборни листи на цела територија, во сите шест изборни единици, плус кон тоа се приклучуваат дел од новите, да речам условно помалите, вонпарламентарните партии итн." Гостин кој одговараше на прашањата на останатите учесници во дебатата беше Љубчо Георгиевски, Коалиција ВМРО за Македонија. Останатите гости беа: Мила Царовска, СДСМ; Јове Кекеновски, Коалиција за промени и правда; Шабан Зендели, Беса. Репризното издание беше емитувано на преодот помеѓу 24 и 25 ноември 2016 година.

На 25 ноември 2016 година, со почеток во 19 часот и 25 минути, се емитуваше премиерно издание на емисијата „ТОП ТЕМА на ваша страна" со водителите Боби Христов и Оливера Трајковска. Емисијата беше посветена на истражувањето на јавното мислење за престојните избори. Анкетата била направена од ТВ Телма, Институтот за демократија и МЦМС, за рејтинзите на политичките партии во пресрет на предвремените парламентарни избори на 11 декември. Гости беа: Атанас Кировски, главен и одговорен уредник на ТВ Телма; Миша Поповиќ, раководител на истражување во Институтот за демократија и Башким Бакиу, Институт за политички истражувања и добро владеење. Репризното издание беше емитувано на преодот помеѓу 25 и 26 ноември 2016 година.

На 28 ноември 2016 година, со почеток во 19 часот и 26 минути, се емитуваше премиерното издание на дебатната емисија „ТОП ТЕМА на ваша страна" со водителот Боби Христов. Емисијата се реализираше како дебатно соочување на изборната програма на СДСМ и Коалицијата. Гостин кој одговараше на прашањата во дебатата беше Радмила Шекеринска, СДСМ. Другите гости беа: Џеват Адеми, ДУИ; Данаил Ден Дончев, Коалиција ВМРО за Македонија; Драгана Кипријановска, Коалиција за промени и правда и Ивон Величковски, ЛП. Водителот потенцираше дека биле поканети и претставници од ВМРО ДПМНЕ и Коалицијата, но не одговориле на поканата за учество во дебатата. Репризното издание беше емитувано на преодот помеѓу 28 и 29 ноември 2016 година.

На 29 ноември 2016 година, со почеток во 19 часот и 31 минута, се емитуваше премиерното издание на дебатната емисија „ТОП ТЕМА" со водителот Боби Христов. На најавната шпица од оваа емисија, темите

беа претставени преку следниве прашања: „Сите против Ахмети, Беса надоаѓа, ПДП како носталгија или стар кадровски потенцијал, Алијансата со барање за буџетска и финансиска самостојност на Албанците“; „Дали Груевски ја смисли федерализацијата како алиби за криминалите на власта“; „Либералите се нудат како тампон зона за партиските маршеви на СДСМ и ВМРО ДПМНЕ“; „Левица сиромашна со пари, богата со идеи и амбиции за социјална правда“; „Што уште нудат партиите од сенка.“ Гости беа: Кастриот Реџепи, БЕСА; Мухамед Халили, ПДП; Ивон Величковски, ЛП и Мариглен Демири, Левица. Репризното издание беше на преодот помеѓу 29 и 30 ноември 2016 година.

На 30 ноември 2016 година, со почеток во 19 часот и 29 минути, се емитуваше премиерно издание на емисијата „ТОП ТЕМА на ваша страна“ со водителката Снежана Лупевска Созен. Емисијата се реализираше како предизборно соочување на изборната програма на ДУИ со другите партии учеснички на изборите на 11 декември. Гостин кој одговараше на прашањата беше Артан Груби, ДУИ. Останатите гости беа: Петре Шилегов, СДСМ и Коалицијата; Стојанче Ангелов, Коалиција ВМРО за Македонија; Весна Стојмановска, Коалиција за промени и правда и Арбан Балиу, Алијанса за Албанците. Репризното издание беше емитувано истиот ден.

***Сектор за програмски работи***